**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 јули 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,17 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам 5-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Александар Спасеновски, Тито Петковски, Стојан Андов, Весна Бендевска и Горан Мисовски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, господин Бранко Црвенковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Државната изборна комисија.

Записникот од Конститутивната седница од Собранието ви е доставен.

Дали има некои забелешки на Записникот? Нема.

Констатирам дека Записникот од Конститутивната седница на Собранието е усвоен без забелешки.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесат Законот за дополнување на Законот за внатрешни работи, Законот за дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, Законот за изменување и дополнување на Законот за промет на експлозивни материи, Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од експлозивни материи, Законот за изменување и дополнување на Законот за оружјето, Законот за дополнување на Законот за детективската дејност и Законот за дополнување на Законот за безбедност за сообраќајот на патиштата.

Предлозите на законите ви се доставени.

Заради рационално, претставникот на Владата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за сите од нив оделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор госпоѓица Гордана Јанкуловска, министер за внатрешни работи, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам претседателе.

Предлозите кои се на денешниот дневен ред на дискусија се практично 7 закони од надлежност на Министерството за внатрешни работи. Измените кои ги предлагаме се во функција на целосна операционализација на законите. Имено, овие закони веќе претходно биле донесени од Собранието. Со измените кои се предлагаат се нудат различни корекции кои ќе овозможат поголема функционалност на предметните закони.

Јас не би сакала предолго да образложувам околу содржината на поедините закони бидејќи содржината е образложена во моментот на нивното донесување, но ќе кажам по една реченица за секој од законите.

Имено, ако одиме по ред, значи, со Предлогот на донесување на закон по итна постапка на Законот за дополнување на Закон за внатрешни работи практично се операционализира решението за овозможување на континуирана обука во Министерството за внатрешни работи. Заради тоа неопходно е да се направи оваа корекција на законот.

Понатаму, Предлог за донесување на Закон за лично име, исто така предлага една корекција во насока на изнаоѓање на поквалитетни решенија и надминување на дилемите кои произлегуваа од практичната примена на законот.

Со Законот за дополнување на Законот за детеквивска дејност, се применува принципот на систематичност и нормативно-правно обликување на законските решенија, односно потреба од конзистентност и експлицитност при користење на законските формулации, па затоа се наметна потребата од интервенција во насока на пропишување на формалните акти кои се неопходни за непречено почнување и течење напостапката за добивање на лиценца.

Понатаму, Законот за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција е еден од законите по однос на кој претходниот состав на Собранието ја заклучи расправата така што со ова предлагаме растеретување на Министерството за внатрешни работи од неполициските функции. Имено со примена на принципот на рационалност, ефикасност и економичност се овозможува поголема подршка на граѓаните во функција на реализирање на нивните потреби во реализација на различни статусни права и со тоа една неполициска функција се одвојува од Министерството за внатрешни работи и преминува во Министерството за правда каде што ќе се воспостават соодветни организациони облици за операционализација на ваквите решенија.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за безбеност на сообраќајот на патиштата се предлагаат нормативни решенија во насока на поквалитетни решенија и надминување на одредени дилеми кои беа поврзани со реализација на актуелниот план за усвојување на ЕУ регулативата за тафографии, значи во делот на тафографите и практично со овие корекции на законот овозможуваме конечно и ова решение да стане оперативно.

Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од експлозивни материи е во функција на симплификација на процедурите односно предложените измени се мотивирани од целосна имплементација на сет на закони што е поврзан со проектот за воведување на едношалтерски систем за увоз и извоз и контрола при единствено застанување односно ланц топ шоп како еден од проектите на Владата.

Понатаму, следниот закон е Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија. Исто така измените кои ги предлагаме се итни поради овозможување на практична примена на овој закон и се работи за одредби што се детектирани при анализи на текстот заради претходни измени во други закони што доведуваат до потреба за коегзистентност на решенијата.

Последниот закон е Законот за изменување и дополнување на Законот за оружје. Имено ова е еден обемен закон кој Собранието во претходниот состав го донесе. Меѓутоа практиката покажа дека е потребно да се направи техничка корекција во функција на овозможување на целосна практична имплементација на законот и токму затоа се предлага овие закони да се донесат по итна постапка затоа што прашањата кои корекциите во законите ги уредуваат се прашања кои се неопходни за практична имплементација и целосна функционалност на решенијата кои се предлагаат во законите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за дополнување на Законот за внатрешни работи го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеника, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 67 пратеника, сите 67 гласаа за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеника, сите 68 за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 68 пратеника, сите 68 гласаа за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за промет на експлозивни материи го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеника, 66 гласаа за, нема воздржани, против 2.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 68 пратеника, 66 гласаа за, воздржани нема, против 2.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од експлозивни материи го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеника, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 67 пратеника, сите 67 гласаа за, воздржани нема, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за оружје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеника, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 68 пратеника, сите 68 гласаа за, воздржани нема, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за дополнување на Законот за детективската дејност го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеника, сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 66 пратеника, сите 66 гласаа за, воздржани нема, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за дополнување на Законот за безбедност за сообраќајот на патиштата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеника, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 67 пратеника, сите 67 гласаа за, воздржани нема, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлга по итна спостапка да се донесе Законот за печатот на Република Македонија и печатите на државните органи во Република Македонија.

Законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот, Законот за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап на информација со јавен карактер, Законот за изменување на Законот за архивската граѓа, Законот за изменување на Законот за донации и за спонзорствата во јавните дејности, Законот за изменување на Законот за финансирање на политичките партии, Законот за изменување и дополнување на Законот за кривичната постпка, Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа и Законот за изменување на Законот за Владата на Република Македонија.

Предлозите на законите ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го извршиме за сите од нив оделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образожи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор госопдин Михајло Маневски, министер за правда.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Што се однесува до Законот за организација и работа на органите на државната управа, мислам дека е тоа еден од најстарите закони што се и најраноподнесените закони во Собранието на Република Македонија некаде есента 2006 година, со тоа што тој закон, нели заврши расправата, не беше донесен заради тоа што тоа е закон кој што се донесува со двотретинско мнозинство.

Потоа, Владата предложи и Собранието донесе Закон за изменување на Законот за Владата со тоа што е воведен Секретаријат за информатичко општество, а инаку со Законот за изменување и дополнување на Законот за организации и работа на органите на државната управа. Значи целта на Владата е да се формира посебно Министерството за информатичко општество. Ние сме сега во Република Македонија во ера на интезивен развој на информатичките системи, значи потребата од контабилноста и користењето, одржувањето и развојот на информатичките системи. Тоа се побудите, тоа се појдовните стојалишта од кои Владата и од овој пат и со овој закон предлага формирање на Министерство за информатичко општество и затоа мислам дека сите елементи се на лице, за да се донесе овој закон по итна постапка со тоа што законот за Владата е врзан со донесувањето на овој закон бидејќи во Законот за Владата таму се брише одредбата што се однесува на информатичкото општество. А, Секретаријатот за информатичко општество прераснува во Министерството за информатичко општество.

Втората работа што се однесува за Законот за кривичната постапка измените и дополнувањата и овој закон беше во Собранието водена е расправа по овој закон. Значи се работи за закон кој што произлегува од Националната програма за усвојувањето на правото на Европската унија. Значи многу значаен закон заради воспоставување на одредени системи, примената на конвенциите, дополнителниот протокол за заштита на сведоци, дополнителниот протокол во врска со пружењето на меѓународно кривично право на помош на Конвенција за остварување на човековите права. Значи одредбите од законот пред се се однесуваат за имплементација на

определени конвенции за загрозениот сведок и постапување во постапката во врска со примена на Законот за заштита на сведоци и секако она што го дефинира законот е уредување на поимот “жртва”. Мислам дека се работи за закон кој што е во таа агенда и не треба повеќе да се образлага потребата од итноста од донесување на овој закон.

Што се однесува до Законот за печатот на Република Македонија, мислам дека овој закон се усогласува со Уставот на Република Македонија, бидејќи не е усогласен уште од 1964 година.

Законите за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политички партии, Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, потоа Законот за изменување на Законот за архивска граѓа и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер тоа се закони со кои се уредуваат казнените одредби, бидејќи уредувањето на казнените одредби е дел од приоритетите кои треба да ги изврши Република Македонија чекорејќи према Европа во агендите кои што се приоритетни за донесување и усогласување на овие закони со Законите за прекршоци.

И на крајот останува Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријат. Значи, Собранието донесе Закон за нотаријат.

Уставниот суд укина една одредба од членот 132 од Законот за вршење на нотарски работи односно со измените во законот практично се уредуваат критериумите во врска со уредувањето на нотарската награда и правилникот за нотарската награда која што се донесува во согласност со Министерството за правда. Значи измените се однесуваат само во врска со донесувањето на одлуката на Уставниот суд и тие усогласувања и одредени терминолошки усогласувања има во повеќе закони и ја користиме приликата тоа да го сториме, бидејќи ако веќе се интервенира во Законот тогаш е корисно и целисходно да се и терминолошки усогласат определени решенија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за печатот на Република Македонија и печатите на државните органи во Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеника, сите 66 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 66 пратеника, сите 66 гласаа за, воздржани нема, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеника, сите 64 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 64 пратеника, сите 64 гласаа за, воздржани нема, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Закнот за слободен пристап на инфорамции од јавен карактер го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеника сите 69 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (никој).

Кој е против, молам да крене рака? (никој).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 69 пратеници. Од нив за предлогот гласаа 69 пратеници. Нема воздржан , нема против.

Констатирам дека прелогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за архивската граѓа го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеника. 69 гласаа за, еден воздржан, противнема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (никој).

Кој е против, молам да крене рака? (никој).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 70 пратеници од кои за предлогот гласаа 69 пратеници, еден воздржан , нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за донации и за спонзорствата во јавните дејности го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеника. 69 гласаа за, еден воздржан, противнема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (никој).

Кој е против, молам да крене рака? (никој).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 70 пратеника од кои за предлогот гласаа 69 пратеници, еден воздржан , нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за финансирање на политичките партии го ставам на гласање

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеника. 66 гласаа за, еден воздржан, противнема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (никој).

Кој е против, молам да крене рака? (никој).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 67, пратеника од кои за предлогот гласаа 66 пратеници, еден воздржан , нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеника. 70 гласаа за, двајца воздржани, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (никој).

Кој е против, молам да крене рака? (никој).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 72 пратеника од кои за предлогот гласаа 70 пратеници, двајца воздржани , нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници. Сите 70 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (никој).

Кој е против, молам да крене рака? (никој).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 70 пратеници од кои за предлогот гласаа сите 70 пратеници, нема воздржан , нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за Владата на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеника. 70 гласаа за, двајца воздржани, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (никој).

Кој е против, молам да крене рака? (никој).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 72 пратеници од кои за предлогот гласаа 70 пратеници, двајца воздржани , нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за гробишта и погребални услуги.

Предлогот на ЗАконот ви е доставен.

Го молам преставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор господинот Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски.

**Миле Јанакиески:** Благодарам претседателе.

Значи, овој закон е новиот закон кој овозможи демонополизација на пазарот. Со тоа се дава можност на единиците на локалната самоуправа целосно да оперираат со погребалните дејности. Претходно Законот не е донесен од 1973 година. Овој закон целосно се усогласува со Законот за прекршоци.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеника, сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (никој).

Кој е против, молам да крене рака? (никој).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 66 пратеници од кои за предлогот гласаа 66 пратеници, нема воздржани , нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Верификационата комисија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија .

Предлогот на комисијата Ви е поделен.

Го молам претседателот на Верификационата комисија да ја образложи итната и неодложна потреба верификацијата на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија да биде разгледана на оваа седница.

Има збор претседателот на Верификационата комисија Светлана Јакимовска.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам претседателе.

Верификационата комисија вчера одржа седница на 7 јули и ги разгледа двата извештаи доставени од Државната изборна комисија. Едниот извештај кој што е за верифицирање е поднесен од Државната изборна комисија за верифицирање на мандати на седум пратеници за остатокот на мандатот. Познато е дека на претходната седница Собранието на Република Македонија констатира 6 оставки на пратеници на кои што им беше верификуван мандатот. Согласно Законот и Уставот постапките беа спроведни, со тоа што на оваа денешна седница Верификационата комисија предлага да се верифицираат мандатите на 6 нови пратеници. Исто така верификационата комисија го разгледа и извештајот за конечните резултати на Државната изборна комисија, со тоа што оцени дека Собранието на Република Македонија треба да верификува мандат на уште тројца пратеници. Со оглед на тоа Верификационата комисија бара на оваа седница овие два извештаи да се разгледаатн и да се верифицираат мандатите на 9-те пратеници. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Комисијата за верификација на мандатите да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеници сите 74 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (никој).

Кој е против, молам да крене рака? (никој).

По предлогот на Комисијата вкупно гласаа 74 пратеници од кои за предлогот гласаа сите 74 пратеници, нема воздржани , нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа за седницата го предлагам следниот дневен ред;

1.Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија.

2.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

3.Предлог на закон за изменување на Законот за Владата на Република Македонија.

4.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за кривична постапка.

5.Предлог на закон за дополнување на Законот за внатрешни работи.

6.Предлог на закон за дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија .

7.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прометот на експлозивни материи.

8.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од експолозивни материи.

9.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето.

10.Предлог на закон за дополнување на Законот за детективска дејност.

11.Предлог на закон за дополнување на Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата.

12.Предлог на закон за печатот на Република Македонија и печатите на државните органи во Република Македонија .

13.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот.

14.Предлог на закон за изменување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

15.Предлог на закон за изменување на Законот за архивска граѓа.

16. Предлог на закон за изменување на Законот за донации и за спонзорствата во јавните дејности.

17.Предлог на закон за изменување на Законот за финансирање на политичките партии.

18.Предлог на закон за гробишта и погребални услуги.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (Нема)

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 82 пратеника. 70 гласаа за, воздржани нема, против гласаа 12 пратници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (никој).

Кој е против, молам да крене рака? (никој).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 82 пратеници од кои за предлогот гласаа 70 пратеници, нема воздржани , против гласаа 12 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1-Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија.**

Извештајот на Верификационата комисија Ви е поделен.

Отворам претрес по извештајот на Верификационата комисија.

Молам кој бара збор?( никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија за верификација на мандатите на пратениците Виолета Ташева, Саве Савевски, Ристо Стојанов, Лидија Митева, Владо Стефноски, Наташа Јаневска, Феми Јонузи, Јулиета Марку и Даут Реџепи.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 80 пратеници сите 80 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (никој).

Кој е против, молам да крене рака? (никој).

По Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија вкупно гласаа 80 пратеници од кои за предлогот гласаа сите 80 пратеници, нема воздржани , нема против.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатите на пратениците Виолета Ташева, Саве Савевски, Ристо Стојанов, Лидија Митева, Владо Стефноски, Наташа Јаневска, Феми Јонузи, Јулиета Марку и Даут Реџепи.

Им честитам за верификација на мандатот и им посакувам успешна работа.

**Минуваме на точка 2-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Согласно член 95 став 3 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара?

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули;** Благодарам претседателе.

Да го искажам ставот на пратеничката група на СДСМ. Ние и во минатиот состав од неколку причини рековме дека во овој момент апсолутно нема потреба од зголемување на јавната потрошувачка во однос на формирање на нови министерства кои што се само за да задоволат лични каприци. Апсолутно една козметичка промена, аматерски напиШана која што не може ништо да промени во пракса, бидејќи сите механизми и полуги постојат во Секретаријатот одговорен за информатичко општество. Единствено што е ова направено само за една личност за да има титула министер.

Јас и по кој знае кој пат ќе повторам овие три дена без разлика што вашите заложби претседателе на Собрание да направите храм, ќе се покажат точни колумните на некои колумнисти дека храмот е нешто каде што се молчи. По кој знае кој пат е прекршен членот 160 од Деловникот за работа на ова Собрани, а вие сте должни да го почитувате. За секој закон мора доколку постојат финансиски средства да изискуваат од буџетот, да стои износот на тие средства. Вие денес ставате закон каде што пишува дека за спроведување на овој закон се потребни дополнителни финансиски средства. Претседателе, вие мора да го имате тука во овој закон износот. Како ќе се определат пратениците од мнозинството да гласаат за, кога не се знае колку чини ова. Можеби уште десет милиони евра ќе чини оваа работа. Затоа во Деловникот некој го напишал тоа, за да и во случаи кога некој има и 115 пратеници да се почитува ова. Затоа што ова го правиме за граѓаните на Република Македонија. Пратениците се избрани овде и гласале луѓето за да работат во интерес на граѓаните на Република Македонија , а не да носат закони од неизвесност. Сега мислам дека е коректно вие тоа да го побарате од Министерството да го добиеме. Или навистина како што рече еден колумнист: Храмот на демократијата навистина ќе биде место во кое што ќе се молчи.

Имате деловничка обврска да се знае точно колку финансиски средства има. Тоа го нема. Притоа од еден Секретаријат за иформатичко општество сите луѓе, сите вработени, сета опрема согласно законот преоѓаат во Министерството, ама нас ни требаат дополнителни средства. За што се потребни тие дополнителни средства? Се разбира, тоа што не е овој закон согласно деловникот не е една од причините зошто нема да го подржиме овој Предлог на закон.

Можеби има две посуштински причини. Прво, концептот на менување на државната управа и ставање под туторство на партијата на власт не е нова работа. Задоволувањето на партиски интереси. за жал оди кон правец само да се зголемува јавната потрошувачка, да се зголемуваат парите што ќе се трошат. Во овој случај не знаеме колку е тоа, наместо да направиме вистинска реформа во управата. И ние како имаме коалициони партнери или како имаме лични каприци и блискост кон премиерот , некој ќе добива министерство, или не. Веројатно ние кога ќе биде изборот на Влада ќе видиме по бројот заедно со министрите без ресор дека ќе имаме една од најгломазните влади. Се рабира, не верувам дека ќе ги стигнеме Србија, ама како тргнале Србија и Хрватска не верувам дека и премиерот на Македонија нема да има за задоволување на коалиционите партнери преголем број на министерства.

Втора работа, реков дека ова е апсолутно козметичка измена. Постоеше министер без ресор кој стана одговорен во цел Секретаријат за информатичко општество. И затоа викам дека ова е козметичка измена. Постоеше министер без ресор кој стана одговорен во цел Секретаријат за информатичко општество. И затоа викам козметичка, од Секретаријат станува министерство со неизвесен буџет што не знаеме колку ќе чини сето тоа, колку ќе ги чини граѓаните сето тоа? Реков, само за задоволување на лични интереси. Сите полуги, сите механизми, сите инструменти стојат во тој Секретаријат. И не гледам причина што повеќе, или помалку ќе се направи, ако Секретаријат, или ако е министертво. Или знаете да ги работите, или не знаете да ги работите работите, или сте стручни или сте аматер. Не е титулата министер тоа што ќе ги покрене работите.

Трета работа, министерствата за информатичко општество ја завршија својата работа. Во повеќето европски земји тоа беше и залагање на овој собраниски состав што едногласно ја усвои Националната стратегија да се формира агенција и сите министерства, најголемиот дел, во европските земји од министерства преминаа во агенција, за да стане самостојна, независна и стручна. Во информатичкото општество не помага партиската боја, во информатичкото општество помага само стручност и политиката што се води во рамките на таа работа. Затоа, ова министерство, освен реков партиска и политичка одлука нема никаква содржинска нова одлука или нешто што може да промени.

Четврта работа е што овој предлог е толку аматерски напишан и ќе прочитам само неколку работи, а печатните грешки нема да ги спомнувам, не забележувам за голтањето букви од брзина. Вели: “креирање и водење на централна база на податоци доставна на организационите облици за информатика на органите на државната управа”, за да после има збор “информациски” и “информатички”, или “координирање на активности кои се извршуваат од страна на организационите облици за информатика”, или два пати има “координирање, управување и интегрирана безбедна информатичка комуникациска”, тука има печатни грешки, “иницирање и следење на меѓународни стандарди”. Клучно е во овој аматеризам што не се знае што е информатичко општество, затоа што информатичкото општество се поврзува со компјутери и луѓе кои што работат со тие компјутери. Информатичкото општество е систем кој што треба да го смени уредувањето во државата, односот на сите граѓани, а не е тоа дали купуваме хардвер или не. Сите предлози што се овде дадени се некои проекти кои се добро познати, кои не успеале да се завршаат, а кои треба во иднина, има визија, да се завршат. Не може министерството да прави креирање, тоа може да води политика, не може тоа да вклучува програмери, тоа мора да го прави со аутсорсинг со други луѓе. За жал, ако ги погледнете сите политики што ги водат другите министерства и овде што е напишано, нема врска.

Следна работа: она што информатичкото општество не може да биде, а тоа е информатичко општество ако во него нема ингеренции и за секторот на телекомуникации. Требаше да собере сила премиерот Груевски да го даде овој сектор од Министерството за транспорт и врски на ова министерство. Не можете да водите информатичко општество без да водите политика во областа на телекомуникациите. Не можете да водите информатичко општество со ова заглавување на политиката за телекомуникации, како што во овој момент имаме во рамките на Министерството за транспорт и врски. Да ве потсетам претседателе, тоа и вчера ви го кажав, во Република Македонија има една независна агенција, теоретски, тоа е Агенцијата за електронски комуникации која две години незаконски работи, затоа што до 31 март 2007 година и до 31 март 2008 година не е усвоен извештајот од ова Собрание за да и се одобрат активностите да работи, ама тоа не е тема за Владата, затоа што министерот за транспорт и врски мисли дека има ингеренции. Од друга страна, ако тоа ги нема во информатичкото општество, тој не може да ја оствари својата функција. Ние сеуште чекаме Владата да собере сила конечно да ги исполни обврските од Договорот за стабилизација и асоцијација и да ги укине концесиските договори

со Македонски телекомуникации, потпишани од Никола Груевски.

Затоа, со многу неприцизности, со многу нејаснотии, со апсолутно трансферирање од еден секретаријат со сите полуги, со многу плус пари, ние ќе влеземе во една неизвесност без концепт и без да видиме до сега ниеден ефект од работењето на тој секретаријат. Зошто другите европски земји и земјите во формирање како Босна и Херцеговина тргнале да прават самостојни стручни агенции? Затоа што реков политиката тука не помага, мораме со стручност да ги освојуваме просторите и приоритетите на една држава. Затоа, не залудно тие агенции, повеќето од нив, се самостојни и надвор од Буџетот, за да не бидат под влијание на политиката. Најдобрите примери зборуваат дека агенциите самостојно се финансираат со издавање на лични карти, само ВМРО-ДПМНЕ личните карти не сака да ги даде од Министерството за внатрешни работи, бидејќи им треба за избори да ги користат. Нема поубава работа, а тоа е и тенденција на сите европски земји, тој цивилен сектор, еден дел од полицијата да земеме и издавањето на лични карти да го дадеме на граѓанска асоцијација. Кога ќе земете лична карта не морате да гледате униформирани лица и затоа многу земји тоа издавање на лични карти со електронски и биометрички чипови го направиле да го дава агенцијата, за тоа добиваат средства и од тоа се самофинансира. Секогаш кога ќе бидете под Буџетот, тогаш ќе водите за жал партиска политика, која што ја води Владата, само така не можете да отидете напред и нема во Македонија ниеден реализиран проект со кој може да се каже еве ова работи. Имаме многу најави, имаме многу магла, прав во очи, но практично немаме ништо. Затоа не мислам дека на Република Македонија и граѓаните на Република Македонија им требаат дополнителни пари, да ги зема од граѓаните Владата и да ги дава во нешто што и сега реков дека ги има сите инструменти. Кога се формираше Секретаријатот за информатичко општество, сите овие точки и задачи и работи што се однесуваат се напишаа таму, но сега ги пишува и тука. Во Законот пишува дека сите вработени, документација, луѓе, опрема, веројатно ќе има некоја нова зграда, се преземаат во министерството, за што се потребни дополнителни финансиски средства.

Јас очекувам од вас да побарате од министерот за правда тој износ да ни го достави, затоа што парламентарното мнозинство може да гласа без да ги чита законите, но имаме обврска кон граѓаните кои плаќаат даноци во оваа држава, за да прави некој екстремни кампањи, да имаат барем отчет дека ова министерство ќе ги чини граѓаните уште седум милиони евра. Тоа треба да го знаеме.

Затоа, во Деловникот стои и тоа, во членот 160, за да не прави Владата импровизации, за да не прави Владата екстремно трошење на парите од Буџетот, за да биде Владата одговорна, а Парламентот согласно Уставот си ја остварува својата функција за политичка контрола над Владата на Република Македонија. Затоа реков, секогаш кога политиката се бори против стручноста, ние ќе бидеме за стручноста.

Затоа, овој предлог на непотребни дополнителни земања на пари од граѓаните на Република Македонија, реков аматерски предлог, а тоа ќе го образложам со уште еден пример, имено, во образложението на овој закон, стручната јавност тоа ќе знае да го цени, вели: “Со формирањето на ова министерство ќе се создадат услови на едно место, од еден центар да се организираат “ - тоа исто и во Секретаријатот го има - “сите работи од областа на информатиката”, или “треба да фати чекор со земјите кои се во понапредви фази во имплементацијата, унапредување и развојот на информатиката”. Мислам дека многу луѓе ќе останат без зборови кога ќе прочитаат каков аматеризам има овде. Информатичкото општество не е информатика, информатичкото општество не се куп компјутери и луѓе што работат на нив. Тоа е поинакво, постмодерно, модерно општество, кое врз база работи како информатички систем, само тоа доаѓа од луѓе кои во оваа област не знаат што прават. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Пред да му дадам збор на господин Андреј Жерновски, сакам да укажам на следното.

Господине Макрадули, вие и други пратеници претходно укажавте на нешто што има некој колумнист кажано во некоја своја колумна. Само едно би ви кажал: ако ви е идол колумниста, со среќа нека ви е и на вас и на другите пратеници.

Процедурално прво бараше Владо Бучковски.

Процедурално господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, јас за моите идоли не сакам други да коментираат, јас не ги знам вашите идоли. Јас го читам Деловникот за работа на Собранието и барам согласно член 160 став 2 да обезбедите во Законот да стои износот на финансиските средства потребни за спроведување на законот и начинот на обезбедување на тие средства. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Андреј Жерновски, повелете.

Процедурално има збор господин Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Не ве слушнав на почетокот во сценариото дали споменавте дека согласно став 3 од членот 95 од Уставот овој закон се донесува со 2/3 мнозинство од вкупниот број пратеници и во прилог на ова што говоревме, ако веќе уставотворецот го подигнал на ова рамниште донесувањето на овој закон, сметам дека не е достоинствено во најмала рака да помине ваква крупна измена без образложение од претстаник на Владата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, мојата дискусија ќе биде поделена на два дела, прво сосема кратко за политичките дилеми и за она што се нарекува од друга страна почитување на Деловникот односно законите и ќе биде насочена многу повеќе кон вас отколку кон предлагачот, затоа што јас сум од оние опозиционери овде кој сеуште се надева дека вие ќе донесете драстична промена во работата на Собранието во однос на претходниот претседател на Собранието и јас сеуште верувам во тоа.

Имено, во еден дел од дискусијата со мојот претходник нема да се согласам. Вие на овие избори како ВМРО-ДПМНЕ и како коалиција добивте поддршка речиси од половина милион гласачи и имате политичко право, имате сега и поддршка со менаџирање на овие процеси на ваш начин и тоа вие како мислите дека најдобро ќе функционира, да го зголемувате или намалувате бројот на министерствата. Тоа го правеше Љубчо Георгиевски, сеуште неговиот број на министри е рекорден во сите овие однесувања, меѓутоа, мислам дека од самиот премиер зависи како тој мисли на најдобар и најефикасен начин да ги менаџира овие процеси и да има најефикасна работа на својата Влада и оттука јас нема да го критикувам ова решение, туку ќе кажам дека тоа е барање на една Влада која доби подршка и доби подршка да го работи всушност тоа на најефикасен начин, сегашниот односно идниот премиер смета дека тоа е најдобро и јас тука немам забелешки.

Почитуван претседателе, тука сега ќе се обратам кон вас и ќе прочитам уште еден односно два члена од Деловникот, затоа што сега е моментот кога вие треба да покажете - ова ви го кажувам најискрено и сугурен сум дека ќе ја почувствувате искреноста - дали сте прав претседател на Собранието како што сите сакаме да имаме без разлика на партиските бои, дали сте претседател на Собранието кое не ја штити опозицијата, туку го работи она за што е избрано, а тоа е да го штити Деловникот, односно да ги штити законските прописи во Република Македонија.

Мојот колега го спомена членот 160 и вие мора овој пат да реагирате зошто во овој предлог немаме набележано колкав е износот на финансиски средства. Јас дополнително ќе ви го прочитам членот 136 од Деловникот, кој вели: “Предлогот за донесување на закон мора да биде образложен”, па вели: “образложението содржи оцена на состојбите” - во ред - “целта што сака да се постигне” - јас реков тука имате поддршка - “износ на финансиските средства потребни за спроведување на закон и начинот на нивно обезбедување”.

Она што исто така за вас е поинтересно и попрецизно е членот 137. Внимавајте се вели: “Ако предлогот за донесување на закон не е подготвен во согласност со одредбите на овој Деловник”, а не е, “тогаш претседателот на Собранието”, тоа сте вие, “пред да го достави на пратениците ќе побара од предлагачот да го усогласи со одредбите на овој Деловник”.

Јас сум сигурен дека тоа што кажавте на вашата инаугурација го мислевте и ве уверувам уште еднаш најколегијално, сега е моментот кога треба да покажете, тоа се првите чекори кон кои одите вие сега и ако почнете да работите правилно, побрзо ќе ја стекнете довербата не од опозицијата, од граѓаните. Ако почнете на почеток со грешки, тогаш веќе од почеток ќе почнеме со недоверба.

На крајот би ви предложил да го направите она за што сте обврзани, она за што ве избраа односно избравме и на крајот на краиштата она за кои добивате плата, да го почитувате Деловникот, да дадете пауза и да направите она што единствено всушност мора да го направите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Само сакам да укажам, овие одредби од Деловникот што ги читавте се за предлог за донесување на закон, вие така прочитавте. Тоа е прва фаза на донесување одреден закон.

Во моментот кога ние расправаме, ние расправаме за донесување на закон по итна постапка, во која преминуваме директно на амандманска расправа и на крајот по тексто на законот, значи одиме на втора и трета фаза. Во Конкретниот случај не може да се примени член 136 и 137 како вие што го кажувате.

Во однос на членот 160 кој што го кажа господинот Макрадули точно пишува во членот 160 став 2 “податоци за износот на финансиски средства потребни за спроведување на законот и начинот на обезбедување”, во самиот предлог на закон пишува дека тие ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија и дека се потребни дополнителни финансиски средства. Тие не се познати затоа што не се знае, самите знаете, со кој опсег министерството ќе биде кадровски екипирано и други потребни средства. Затоа не можат да бидат конкретно дефинирани. Јас така го толкувам Деловникот, така го толкуквам законот. Значи тоа може да биде и во однос на член 160, но сепак предлагачот, Владата на Република Македонија, има напишано за финансиските средства дека се потребни дополнителни финансиски средства и дека ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија. Тоа е моето објаснување.

Сега се пријавени за збор процедурално или реплики прво госпоѓа Грковска Лошкова Славица.

Ако сте пријавени процедурално, прво господин Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, вие самиот потврдивте дека го нема тоа што треба, бидејќи да допрецизирам членот 160 вели: “износот на финансиските средства”, вие самиот потврдивте дека нема износ на финансиски средства. На крајот рековте вие така го толкувате

и вие можете да го направите тоа и гледам дека ќе го направите тоа.

Ви кажав, од вас зависи како вие ќе ја почнете работата во Собранието. Гледам дека сте го избрале тој правец, гледам дека одиме во тој правец и жал ми е што онаа доверба што ја имав дека ќе се промени работа, полека, полека, се губи, затоа што единствено што треба да направите е да побарате од Владата да го достави, тоа не е никаков проблем и Владата ќе го направи тоа, а вие ќе докажете дека седите таму заслужено и дека го штитите ова што се нарекува Деловник. Тоа е ваша работа, вие самите потврдивте. Вие се разбира можете да го толкувате како сакате, како што го толкувавте и пред тоа дека Владата која што е техничка може да предлага и пар екселанс политички закони, меѓутоа, гледате дека тоа не проаѓа. Од вас зависи ако сте наумиле така да почнете и да продолжите, тоа е ваша работа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Процедурално се јави госпоѓа Грковска Лошкова Славица, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Почитуван претседателе, јас морам да реагирам на недоследноста на вашиот коментар и на контрадикторноста на тоа што го кажавте во смисла на толкување на членот 160 од Деловникот, заради тоа што членот 160 во Деловникот не зборува за начинот на кој што Предлгот на законот ќе се разгледува во Собранието, дали ќе биде по итна постапка или во редовна постапка, туку за начинот на кој што се поднесува Предлог на закон до Собранието на Република Македонија.

Тоа го пишува уште во првиот став, во првата реченица, кога вели дека Предлог на законот се поднесува во форма во која се донесува законот, а во ставот два кажува дека не изоставно мора да стои износот на финансиски средства кои се потребни за спроведување на законот.

За вас како претседател, а потоа за нас како пратеници не смее да биде доволно тоа што некој вели дека во Законот се потребни дополнителни финансиски средства, а никој не знае кои се.

Ингеренциите на Министерството за информатичко општество што вие го предлагате се исти со ингеренциите на Секретаријатот кој до сега постоеше.

Ако се префрла целиот кадар и целата опрема со истите ингеренции, прашање е зошто се потребни дополнителни финансиски средства. Имате обврска, според Деловникот, како претседател ова веќе го дискутиравме на една од претходните седници да обезбедите од предлагачот точен износ на финансиските средства кои се потребни за спроведување на Законот и за што точно тие средства ќе се употребуваат и од каде ќе се најдат.

Значи, членот 160, ќе повторам уште еднаш, е дециден, не се однесува на постапката по која Предлог законот ќе се разгледува во Собранието, туку за начинот на кој Предлог законот треба да се поднесе до Собранието. Вие тоа го имате како обврска да го обезбедите за пратениците. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За процедурално се јави госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседател.

Чуден е овој начин на толкување на Деловникот во последно време. Знам дека имате мнозинство, знам дека имате двотретинско мнозинство, но многу е битно за законитоста на овој Парламент, без разлика какво мнозинство има во Собранието, да се почитуваат Уставот и законите секако и Деловникот затоа што има сила на закон, бидејќи го донесува ова Собрание.

Подобро е да си ги консултирате стручните служби да укажат на недоследноста на вашето толкување на оваа одредба од Деловникот.

Имено, во Деловникот со членот 160 се предвидува или се утврдува што треба да содржи еден Предлог за донесување на закон во Собранието на Република Македонија.

Значи, членот 160 ја регулира формата на Предлогот за донесување на закон како битен елемент на формата е во Предлогот за донесување на било кој закон  да се содржи и финансиска конструкција односно како Владата во овој случај како предлагач предвидува да го имплементира тој закон и колку средства се потребни за имплементација на овој закон и на било кој закон затоа што без финансиски средства нема имплементација, законот ќе остане мртво слобо на хартија.

Ние можеме денеска да донесеме кој знае какви закони и дека ќе се качиме на месечината, но ако немаме финансиска конструкција, тоа е само пуста желба, ќе го донесеме законот, но нема да знаеме од каде се тие средства и колку се тие средства.

Она што го зборувате вие е за формата на донесување на законот односно начинот на донесување. Дали законот ќе го донесеме во скратена постапка, прво во редовна со сите три фази, или по итна постапка како што овој закон сега се донесува нема влијание на формата во која се поднесува овој закон.

Повторно повторувам треба да направите разлика помеѓу начинот на донесување или три фази или во итна фаза како сега што го донесуваме законот и кои елементи или во која форма треба да се поднесе Предлогот за донесување закон било во итна, во скратена или во редовна процедура.

Во овој закон немаме финансиска конструкција иако тој се донесува по итна постапка, треба тоа да го содржи и ве молам не го кршете Деловникот, постапете по укажување на колегите пратеници, консултирајте ги службите, затоа што

е многу важно за демократијата и за законитоста на работењето на овој Парламент. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потсетувам дека согласно член 95 став 3 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

(Имаше краток прекин)

Продолжуваме.

Предлог на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 95 пратеника. Од нив за гласаа 81, воздржан нема, против 14.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на законот вкупно гласлаа 95 пратеника, од нив за гласаа 81, воздржан нема, против 14.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

**Минуваме на точката 3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлог на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 95 пратеника. Од нив за гласаа 81, воздржан нема, против 14.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на законот вкупно гласлаа 95 пратеника, од нив за гласаа 81, воздржан нема, против 14 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија .

**Минуваме на точката 4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Согласно точка 1 од амандманот 25 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници.

Ве известувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од амандманот 25 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се доенсува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлог на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 94 пратеника, сите 94 гласаа за, од гласањето не се воздржа никој, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на законот вкупно гласлаа 94 пратеника, сите 94 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 27 пратеника, 27 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија кои припаѓаат на заедниците кои не

се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

На седницата присуствуваат 27 пратеника кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија од нив за Предлогот на законот гласаа 27 пратеника, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Консттирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка.

**Минуваме на точката 5. - Предлог на закон за дополнување на Законот за внатрешни работи.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседател.

Сакам да укажам на неколку недоследности во врска со Предлогот за дополнување на Законот за внатрешни работи.

За јавноста би сакала да кажам дека со дополнувањето на Законот за внатрешни работи се предлага востановување центар за обука односно да се формира центар за обука на полицајци во состав на Министерството за внатрешни работи.

Со членот 2 од Предлогот за дополнување на Законот за внатрешни работи, се предлага објектите и опремата што ги користи Полициската академија дека ги презема Министерството за внатрешни работи. Истото се однесува и на архивата, документацијата, вработените итн.

Пред неколку дена ова Собрание донесе Закон по итна постапка Закон за основање факултет за безбедност во состав на Универзитетот Св. Климент Охридски во Битола.

Колизијата на овие два закони или на нормите на овие два закони се во следното:

Во членот 9 од Законот за основање на високо образовна установа - факултет за безбедност кој можеби е влезен во сила, предложено е решение со кое објектите и опремата што ги користи Полициската академија согласно актот за кредитација дек ќе ги преземе Факултетот за безбедност на Универзитетот Св.Климент Охридски во Битола.

Сега се поставува прашање кој ќе ги преземе објектите, инвентарот, вработените, од Полициската академија? Дали Министерство за внатрешни работи каде што со член 2 од овој закон тоа се предлага или Факултетот за безбедност каде со членот 9 од Законот за основање на оваа високо образовна институција е предвидено. Мислам дека тука имаме колизија на норми. Знам дека министерката ќе каже да, ние ќе ги преземеме објектите за едукација, објектите за обука, а оние објекти кои се одредени или кои се користат за високо образовна дејност ќе бидат на факултетот, мислам дека овие две норми во овие два закони се во директна колизија и треба да се исправат и да се знае што сака Владата да постигне со овие измени на законот.

Би сакала исто така да укажам дека оваа идеја за основање или за формирање центар за обука во Министерство за внатрешни работи е уште од пред година дена и еве веќе Владата најде начин како да ја истурка оваа цел до крај, тогаш ние се спротивставивме на комисиските расправи дека навистина, бидејќи тогаш немавме Предлог на закон за основање на високо образовна институција, туку директно се удираше врз независноста и автономијата на Универзитетот, на Полициската академија на факултетот, но еве сега имаме нов начин на решавање, сепак целта се исполнува во позаконска форма, но суштината на прашањето повторно останува. Зошто Министерство за внатрешни работи односно зошто Владата упорно бара обуката на полицајците повторно да ја врати јазад во Министерство за внатрешни работи, а не во високо образовната институција заради која овој Парламент и оваа држава ја формира таквата институција, зошто се враќаме назад, од каде Владата користи вакви компаративни искуства, дали ова не е назадување на процесот на обука и едукација во оваа сфера, дали со ова предлог решение Владата повторно не сака односно Министерство за внатрешни работи не сака или сака да има политичка полициска едукација, дали со ваквиот центар практично нема да се обучуваат или едуцираат политички полицајци, значи бројни прашања се поставуваат.

Јас знам дека оваа наша забелешка нема да биде уважена, Законот ќе биде донесен, но исто така знам дека треба да укажеме на решенијата кои се нудат, а кои се спротивни на системот на едукација, кои се спротивни на компаративните искуства, на современите компаративни искуства. Дотолку пвоеќе што досегашниот начин на обука и едукација на полицајци кои, патем да напоменам беше во Полициската академија беше врвно оценет од бројни меѓународни институции како што се ЦЕПЛ, ДИКАФ и бројни институции и асоцијации во кои членуваше полициската академија.

Мислам дека ова е уште еден обид на оваа Влада да стави се под своја рака дури и полицајците. Ова е страшен обид на оваа Влада да ги држи полицајците под политичка контрола и мислам дека ова не е добро за Република Македонија, дека овој процес со ова решение се уназадува и дека навистина Република Македонија добрите практики кои ги поставува или ги поставила до сега во системот на функционирање на државата ги руши заради свои политички цели. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Почитуван претседателе, министер, почитувани колеги пратеници, опозицијата ќе направи обид Парламентот да не работи во вакви услови каде што седницата реално има шанси да премине во една фарса од глумење на демократија каде дефинитивно се претставува Парламентот како гласачка машинерија и буквално се може да помине. Ќе се обидеме и ако знаеме дека тоа залудно да обрнеме внимание барем на јавнсота на некои од потезите на Владата кои се дефинитивно антиреформски. Еден од таквите потези се и предложените измени на Законот за внатрешни работи. Значи треба да биде јасно дека реформите во Министерството за внатрешни работи се еден долготраен процес, кој се случуваше изминатите 15 години, каде што посебно во делот на едукацијата беа правени неколку експерименти. Беше укинат факултетот за безбедност и криминалистика, па времето покажа дека има потреба од високообразовни кадри кои ќе се занимаваат со оваа проблематика, каде што ќе бидат стручно усовршувани.

Беше формирана Полициската академија, под капата на Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола, се со цел да се обезбеди поголема афтономија и да се избегне она што е најголема забелешка на експертите на Советот на Европа, а тоа дека имаме мана во самиот систем на едуцирање, пред се на нашите полицајци, каде што немаме систем кој што ќе гарантира пред се заштита на човековите права.

И во големата реформа што се прави на безбедносниот сектор, што успешно заврши во одбраната еден од основните постулати беше дасе дивестираат дел од функциите кои до сега ги правеле овие минситерства. И ако гледате на примерот на успешната реформа во одбрана, каде што војната академија дури се укина, нема здрава логика ова што денес се предлага, освен ако не станува збор за некои нерасчистени сметки со кои јавноста беше запознаена во изминатите 12 месеци, каде што еден од експертите во областа на кривичното право и криминалистиката која беше на чело на Полициската академија, дојде во директен судир со вас, госпоѓо министер, па потоа дојде скандалот каде што иако имаме Државен Универзитет во чии рамки е Полициската академија беа стипендирани идни полицајци во еден приватен Универзитет кој е близок до власта. Така што сето тоа остави впечаток дека тука работите не одат во оној правец во кој сакаме. Тоа е дека генерално кога говориме за проблемите во јавната админситрација сите извештаи посочуваат дека најслабо стоиме во делот на Министерството за внатрешни работи. Грубите прекршувања на бројните конвенции од Советот од Европа, бројните прекршувања на законските овластувања и уставните овластувања, доведоа полицијата во светло како што колегите на ДУИ веројатно ќе не потсетат на изборот на Владата, иако Ќе бидат дел од владиниот кабинет. Ние прв пат бевме во позиција на овие избори, опозицијата да води битка со полицијата. И за тоа треба да говориме, дали е тоа дел од едукативниот процес кој сакате сега да го патентирате како единствен начин на авторитарно владеење.

Јас тврдам дека тоа што го нудите како законско решение, го нема никаде затоа што и во изминатиот период, не заборавајте, не почнува реформата во Министерството со вашето доаѓање на чело на ова Министерство пред две години. Погледнете ги бројните забелешки кои одат во правец на тоа дека никако не смее Министерството за внатрешни работи да ја преземе и едукативната улога, бидејки постои опасност за ова што го говореше колешката Цветанка, некој да протлкува дека се прави патриска полиција. Тоа мора да се избегне, мора да се поделат дел од функциите, мора Министерството за внатрешни работи да свати дека ако градиме демократска држава, полека но сигурно треба да напушта дел од функциите што ги има, а не и понатаму да демонстрираме дека сме во некоја фаза на глумење на демократизација на општеството, а всушност градиме полициска држава каде што некој како што вели, од раѓањето до смртта сите мора да бидеме насочени кон шалтерите или сега кон образовните институции што ги има Министерството за внатрешни работи. Одговорно тврдам дека тоа е антиреформски закон. Тоа ќе го покажат и сите коментари кои ќе следат, од оние кои ги следат реформите во нашата држава.

Иако е тоа дијалог со глуви, ќе се обидеме уште еднаш да обрнеме внимание, ако има трунка совест, да се направат дополнителни анализи и да ги знаеме реално вистинските причини зошто всушност се враќаме анзад. Кажувам, во изминатите 10 години имавме обиди да го укинеме Факултетот за безбедност и криминалистика, се обидовме поинаку да го едуцираме тој кадар. Препораките беа дека треба да се формира специјализирана установа, ја формиравме Полициската академија, дека таа треба да биде под капата на Универзитетот затоа што на тој начин се гарантира афтономија, го направивме тоа. Ова што вие денес го предлагате е враќање, не еден чекор туку повеќе чекори назад. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по тесктот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 75 пратеници, 63 за, воздржани нема, 12 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има воздржани? (нема).

Дали има против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 75 пратеници, за гласаа 63, воздржани нема, против 12.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за внатрешни работи.

**Минуваме на точка 6 - Предлог на закон за дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство од присутнтие пратеници, при што мора да има мнозинство на гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство на гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 80 пратеници од нив, 79 за, воздржан 1, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има воздржани? (нема).

Дали има против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 80 пратеници, за гласаа 79, воздржани 1, против нема.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 17 пратеници, сите 17 гласаа за, нема воздржан нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има воздржани? (нема).

Дали има против? (нема).

На седницата присуствуваа 17 пратеници кои припаѓаа на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за Предлогот на законот гласаа зите 17 за, нема воздржани нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за **за** дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија.

**Минуваме на точка 7 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прометот на експлозивни материи.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 78 пратеници, 77 за, воздржан нема, против 1.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има воздржани? (Нема).

Дали има против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 78 пратеници, за гласаа 77, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за прометот на експлозивни материи.

**Минуваме на точка 8 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од експлозивни материи.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 78 пратеници, сите 78 гласаа за, воздржан нема, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република

Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има воздржани? (нема).

Дали има против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 78 пратеници, од нив за гласаа 78, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од експлозивни материи.

**Минуваме на точка 9 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеници, сите 74 гласаа за, воздржан нема, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има воздржани? (Нема).

Дали има против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 74 пратеници, од нив за гласаа сите 74, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за оружје.

**Минуваме на точка 10 - Предлог на закон за дополнување на Законот за детективската дејност.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеници, сите 73 гласаа за, воздржан нема, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има воздржани? (нема).

Дали има против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 73 пратеници, од нив за гласаа 73, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за детективската дејност.

**Минуваме на точка11 - Предлог на закон за дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутнтие пратеници, при што мора да има мнозинство на гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутнтие пратеници, при што мора да има мнозинство на гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеници, сите 77 гласаа за, воздржан нема, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има воздржани? (Нема).

Дали има против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 77 пратеници, за гласаа 77, воздржани нема, против нема.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 15 пратеници, сите 15 гласаа за, воздржан нема, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има воздржани? (Нема).

Дали има против? (Нема)

На седницата присуствуваат 15 пратеници кои припаѓаат на заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од нив за Предлогот на законот гласаа 15 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, а против не гласаше ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

**Минуваме на точка 12 - Предлог на закон за печатот на Република Македонија и печатите на државните органи во Република Македонија.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, од нив за Предлогот на законот гласаа 70, воздржан 1, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има воздржани? (Нема).

Дали има против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 71 пратеник, од нив за гласаа 70 пратеници, од гласањето се воздржа 1, а против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за печатот на Република Македонија и печатите на државните органи во Република Македонија.

**Минуваме на 13 точка -Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе,

За да не помине како во едноумие сите овие закони без дебата, ние кажавме дека ќе ги подржиме сите закони кои што се за усогласување со Европската регулатива, но остро ќе критикуваме или ќе укажуваме на некои недоследности на понудените решенија.

Сега би сакала на конкретниот закон.

Пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз ќе го подржи донесувањето на законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријат, затоа што овие измени се заради усогласувања со Законот за државното правобранителство и со одлука на Уставен суд на Република Македонија, која што се однесуваше на наградите на тарифата, на нотарската тарифа.

Бидејќи кажав дека ќе укажуваме на работи со кои што нема да се согласуваме, би сакала само за јавноста да укажам на следното. Покрај овие две усогалсувања кои што се прават со Предлогот за изменување на Законот, имаме во членот 1 и уште едно дополнување на Законот за нотаријат, со кое што дополнување се предвидува бројот и распоредот на службените седишта на нотарите во Република Македонија.

И ништо тоа не е ново затоа што и до сега и во стариот Закон за нотаријат бројот и распоредот на службените седишта го вршеше министерот. Но, дилемата кај мене е тука и би сакала да стои во стенограмите да укажам и заради јавноста дали ќе има и дали ги има критериумите по кои што ќе се раководи министерот за правда при одредувањето на бројот и распоредот на службените седишта на нотаријатот, со цел да се избегне само по лична негова волја да не се поставуваат нотари и да се утврдуваат нотарски седишта. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеници, сите 77 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 77 пратеници, сите 77 гласаа за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот.

**Минуваме на точка 14 - Предлог на закон за изменување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 од Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на  Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Господине претседателе,

Оваа низа на закони кои што се менуваат во делот на казнените одредби согласно Законот за прекршоци сакам да го издвоиме Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер и за овој закон нема да ја дадеме подршката од следниве причини.

Имено, во последниот Извештај од Европската комисија за напрадокот на нашата држава на патот кон Европа имаше укажувања дека пречесто се менуваат законите без опстојна анализа, брзо се носат без да се внимава на квалитетот и применливоста на законите. Ова е типичен закон кој што после донесувањето во 2005 година со масовна јавна подршка, со многу трибини, со многу невладини организации и меѓународни организации својата применливост ја има во извештајот наречен ѕид од тишина каде што се објавени и направена е анализа на сите проблеми кои настануваат со примената, јас би рекол со непримената на овој закон. Има многу случаи кога ние како поединци, како пратеници сме побарале од институциите иматели на информации да ни достават податоци, но сме биле ускратени за тие информации. Често роковите се пробиваат, а понекогаш како претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата, тоа писмо го имам и јас каде ме информира дека од технички причини не може да одговори во рок од 30 дена за анкетниот лист на господинот Мијалков, па и треба дополнително време, таман онолку колку што беше потребно да го дополни и да го допише со задоцнување од 9 месеци.

Лошо е кога има една општа анализа прифатена од сите кои измени треба да се направат во законот. Владата денарите, евра ќе ги направи во глоба и со тоа мисли дека е донесен законот. Не. Ако сакаме да донесеме применлив закон кој што ќе се грижи за едно многу демократско право, за еден закон кој што зборува за степенот на транспарентност и на одговорност на Владата и на државните институции ќе пристапеше кон сериозни измени на овој закон. Не велам дека треба да ги прифати сите забелешки на меѓународната и експертската јавност и домашната секако, но да направи анализа онака како што и тогаш опозицијата учествуваше на тие јавни трибини, бидејќи јас бев претставник од нашата партија, знам дека пратеници од ВМРО-ДПМНЕ беа, да направи барем еден минимум обид да се сослушаат различните експерти и информации. И затоа, без разлика што ги менуваме денарите, евра глоба, применливоста на законот за слободен пристап на информации од јавен карактер и треба надлежност на Комисијата за заштитата на правото на слободата до пристап до информации и согласно Законот за прекршоци таа да биде и во нејзина исклучива надлежност да биде изрекувањето на казните, а не тоа да остане во судовите каде што додека се жалиме, ние на Комисијата, па потоа на судот дека некој во рок до 30 дена не сакал да ни даде информација, на тој судски лавиринт веројатно не му се ни гледа крајот. И затоа ние како пратеничка група ќе пристапиме кон анализа на извештајот, реков ѕид од тишина кој што има сеопфатен преглед, сеопфатна анализа на применливоста на овој закон и затоа ќе поднесеме еден, се разбира, ќе организираме една јавна трибина и во заедничка помош со експертите и со јавноста ќе предложиме измени во овој закон. Затоа денеска овој закон апсолутно освен козметика нема ништо и со цел да укажеме дека треба итно да се промени концептот на законот во поголема и побрза и поефикасна применливост со подобра институинализација  на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап, ние овој закон нема да го подржиме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Михајло Маневски, министер за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Во врска со претходната дискусија, сакам да ви кажам дека само пред една недела се одржа јавна трибина со учество на претставници од повеќе институции од многу органи на која јас учествував. Таа трибина се одржа и со подршка на Англиската амбасада. На таа трибина се направи пресек за примената на Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер за двегодишниот период каде што се сумираа резултатите, каде што се промовира веб-страницата. Значи фактички она што е функцијата на информациите мислам дека оди кон тоа да се оживотвори и евентуално од таа трибина да се надогради законот во одредби кои што практиката ќе покаже дека треба тоа да биде направено. Значи, не е точно дека не се работи ништо по законот, напротив дека се следи примената на законот и дека се организираат и тие научни трибини, дека се објавуваат, дека јавноста се повеќе е запозната со работата на оваа Комисија на примената на овој закон и мислам дека и натаму ќе имаме искуства и од ова двегодишно работење за унапредувањето и пристапот на информациите од јавен карактер. Ова само како информација на пратениците. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Човек што и да каже Владата си  врти иста плоча. Тие работат, или кој? Јас воопшто не спорам ова што министерот го зборуваше. Јас сосема конкретно реков, согласно Законот за прекршоци интенцијата на тој закон е да направиме децентрализација или дисперзија. Комисијата да има мандат да поднесува казни, да изрекува казни, а не судовите. Тоа во овој закон не е направено. Вие можете да организирате милион трибини, само внимавајте кога одите на

трибини капутот ви го снемува, ама го нема овде во законот. Зборуваме за 8 јули, 13,10 часот во Предлогот на Владата ја нема интенцијата што ја има во Законот за прекршоци. И што целата домашна и меѓународна јавност укажува дека мора да се направи. Тоа беше нашата забелешка. Дали вие работите, вие си знаете. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Се обидов да извадам поента од она што го кажа министерот и заклучив само дека Владата во својот добро познат стил само работи, организира трибини итн, и тоа е добро. Но, сакам да упатам едно директно прашање до министерот за правда. Пред една недела имаше прес-конференција на претседателката на таканаречената Државна комисија за спречување на корупцијата на која што од нејзина страна беше истакнато дека таа се уште или во име на Комисијата нема добиено одговор од Владата колку чинат рекламните кампањи направени во одреден временски период. Значи не зборуваме за тоа дали граѓанинот кој што евентуално побарал согласно овој закон информација од Владата, станува збор за институција формирана од ова Собрание кое што треба да ја контролира и да ја спроведува борбата против корупцијата и за Собранието и за Владата и за сите останати институции. За таква институција говориме дека не добила одговор од Владата. Дали некој е казнет господине министре за оваа работа? Сакам да ми одговорите на ова прашање и зошто ако велите дека законот функционира, тоа го констатирате на јавните трибини итн, зошто Владата која што е најповикана да дава одговор на овие прашања не дава одговор до Државната комисија за спречување на корупцијата, колку пари потрошила, не се тоа нејзини пари, пари на граѓаните за рекламните кампањи. Ако Владата како институција согласно Уставот не дава одговор на друга институција надлежна за тоа, а формирана од ова Собрание, како може да очекуваме дека Владата ќе даде одговор на граѓанинот кој што гласал за ВМРО-ДПМНЕ од Валандово или од Гостивар, на прашањето колку пари потрошила во оваа, да речеме изборна кампања. Не станува збор не за слободен пристап до информациите, станува збор за немање пристап на информациите и немање на политичка волја за давање на тие информации. Вие може глобите да ги направите огромни и драконски, немате волја да работите транспарентно и тоа ви поминува несанкционирано. Дали тоа е заради неажурноста или неработењето на Државната комисија, дали затоа што имате механизми да ги контролирате тие работи, не знам? Знам, но сега тоа не е тема на дебата. Но, вие како Влада не сакате да давате конкретни одговори на конкретни прашања, а тие се од јавен карактер. Државната комисија не ве прашува што правите вие во слободно време, тоа не ја интересира, ниту вас, ниту некој друг. Прашува колку пари сте потрошиле. Пари одобрени од ова Собрание, а собрани од даноците на граѓаните. Се додека така го третирате овој закон во Македонија нема да има ниту пристап до информации, ниту ќе има демократија, ниту пак ќе има отчетност и одговорност, а тоа се основните постулати и принципи на постоење на една здрава и нормална демократија. Затоа ве молам многу кратко да ми одговорите, зошто не се доставени овие информации, дали некој за тоа ќе одговара, или ќе плати глоба, како што велите со измените во овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 од Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеници, од нив 63 гласаа за, нема воздржани, 14 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 77 пратеници, од нив 63 гласаа за, воздржани нема, против 14 пратеници.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 13 пратеници, од нив за гласаа 11, воздржани нема, 2 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема

На седницата присуствуваат 13 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, од нив за Предлогот на законот гласаа 11, воздржани нема, 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Минуваме на точка 15 - Предлог на Закон за изменување на Законот за архивската граѓа**

Предлогот на законот ви доставен.

Отворам претрес по текстот на  Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеници, сите 76 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 76 пратеници, од нив сите 76 гласаа за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за архивската граѓа.

**Минуваме на точка 16 - Предлог на Закон за изменување на Законот за донации и за спонзорствата во јавните дејности**

Предлогот на законот ви доставен.

Отворам претрес по текстот на  Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеници, сите 77 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 77 пратеници, од нив сите 77 гласаа за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за донации и за спонзорствата во јавните дејности.

**Минуваме на точка 17 - Предлог на Закон за изменување на Законот за финансирање на политичките партии**

Предлогот на законот ви доставен.

Отворам претрес по текстот на  Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеници, сите 76 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 76 пратеници, од нив сите 76 гласаа за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за финансирање на политичките партии.

**Минуваме на точка 18 - Предлог на Закон за гробишта и погребални услуги**

Предлогот на законот ви доставен.

Отворам претрес по текстот на  Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, сите 71 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 71 пратеник, од нив сите 71 гласаа за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за гробишта и погребални услуги.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам за конструктивната работа.

Исто така ве известувам дека утре продолжуваме со Четвртата седница во 11,00 часот.

(Седницата заврши во 13,17 часот)